# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 28 Декември 2012 година<br>Службен гласник број 15<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2013 ГОДИНА**

1. Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2013 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 3433/2
28.12.2012 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на Р.М." бр.5/2002) и член 26, точка 4 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 ), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 27.12.2012 година, донесе:

***О Д Л У К А***
**за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2013 година**

**Член 1**

Буџетот на Општина - Прилеп за 2013 година (во понатамошниот текст Буџет), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 3**

Износите на приходите наведени во Буџетот за 2013 година не се фиксно определени.

Промените во Буџетот треба да бидат во рамките на вкупниот износ на утврдените приходи.

Доколку во текот на годината планираните приходи се остварат во поголем износ од планираниот, истите ќе се прераспределат и ќе се користат во согласност со донесените измени и дополнувања на Буџетот за 2013 година донесени од страна на Советот на Општина Прилеп.

**Член 4**

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои не можат да се преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски мора да се предложи нов извор на средства или да се намалат другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Прераспределбата на планираните расходи во текот на фискалната година ја врши Советот на Општина Прилеп, во рамките на вкупно утврдениот лимит на приходите во буџетот.

Утврдените износи во Буџетот на корисникот може да бидат прераспоредени помеѓу расходни категории, поткатегории, ставки и потставки, со исклучок на расходните ставки и тоа: прераспределбата меѓу капитални расходи и капитални трансфери.

Со Одлука за пренамена одобрените средства во буџетот на ниво на ставка во рамките на програма и буџет, не може да бидат намалени повеќе од 20%, додека одобрените средства за плати и надоместоци не може да се намалат повеќе од 10%.

**Член 6**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, и согласно закон.

- Вредноста на коефициентот за исплата на плата на Градоначалникот се утврдува на ниво од 3,40. Појдовна основа за 1(единица ) коефициент изнесува 25.726,оо ден.
- Месечниот надоместок на членовите на Советот на Општина Прилеп за присуство на седници на Советот на Општина Прилеп се утврдува на износ од 70% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена во претходната година.
- На Претседателот на Советот на Општина Прилеп за раководење и организирање на работата на Советот се зголемува за 30% од утврдениот надоместок што го примаат останатите советници.
- За државните службеници вредноста на бодот се утврдува на ниво од 73.8 денари.
- Вредноста на коефициентот за исплата на плати за вработените согласно одредбите на Законот за работни односи се утврдува во висина од 8.083,оо денари.

**Член 7**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита од елементарни непогоди, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Надоместокот за отпремнина за пензионирање во општината и локалната јавна установа се исплаќа врз основа на чл.9 ст.1 алинеа 2 и ст.2 од Законот за исплата на платите.

Употребата на Буџетската резерва ја одобрува Градоначалникот на Општина Прилеп.

**Член 8**

Средствата за стоки и услуги потребни за вршење на редовните функции на корисниците на Буџетот се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги се врши и со сметкопотврди, но само во ограничени поединечни износи до 6000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 9**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во програмите и потпрограмите:

**-Програма A0- Совет на Општина**

Потпрограма- A00- Совет на Општина

**- Програма D0 - Градоначалник**

Потпрограма D00- Градоначалник

**- Програма E0 - Општинска администрација**

Потпрограма E00- Општинска администрација

**- Програма EA- Капитални трошоци на општина**

Потпрограма EA0-Капитални трошоци на општина

**-Програма - F1-Урбанистичко планирање и уредување на просторот**

-Потпрограма F10 -Урбанистичко планирање

**- Програма G1-Локален кономски развој**

Потпрограма G10-Подршка на локалниот економски развој

**- Програма: J3 - Јавно осветлување**

Потпрограма J30 - јавно осветлување

**-Програма J4 - Јавна чистота**

- Потпрограма J40 -Јавна Чистота

**- Програма- J6 - Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќајот**

-Потпрограма-J60- одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообрајќај.

**- Програма- J8 - Други комунални услуги**

-Потпрограма-J80- други комунални услуги

**- Програма-JA - Изградба на јавно осветлување**

-Потпрограма-JA0- изградба на јавно осветлување

**- Програма - JD -Изградба и реконструкција на локални патишта и улици.**

-Потпрограма- JD0 –изградба и реконструкција на локални патишта и улици

-Потпрограма- JDA-изградба и реконструкција на локални патишта и улици

**- Програма - JG -Изградба на системи за водоснабдување**

-Потпрограма- JG0-изградба на системи за водоснабдување

-Потпрограма- JGA-изградба на системи за водоснабдување во Општина Прилеп.

-Потпрограма-JGB-Проект за дополнување на системот „Студенчица"

**- Програма- JI - Изградба на системи за одведување и пречисту-вање на отпадни води.**

-Потпрограма-JI0-изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води

Потпрограма-JIA- Регулација на речното корито на Градска река.

Потпрограма JIB -Изградба на ситеми за одведување и прочистување на отпадни води

**-Програма JL- Други комунални услуги (Капитални трошоци)**

Потпрограма JL0 - Други комунални услуги (Капитални трошоци)

Потпрограма JLA - Изградба на потпорни ѕидови

**-Програма JN -Урбана опрема (Капитални трошоци)**

-Потпрограма JN0- Урбана опрема (Капитални трошоци)

**- Програма K1 -Култура**

Потпрограма K10 -Библиотекарство

**-Програма K4- Културни манифестации и творештво**

Потпрограма K40-Културни манифестации и творештво

**-Програма KA - Културни манифестации и творештво (капитални трошоци)**

-Потпрограма KA0 - Културни манифестации и творештв (капитални трошоци)

**- Програма- L0- Спорт и Рекреација**

Потпрограма- L00- Спорт и Рекреација

**- Програма- LA- Спорт и Рекреација (капитални трошоци)**

Потпрограма- LA0- Спорт и Рекреација (капитални трошоци)

**-Програма N1 -Основно образование**

Потпрограма N10 -Основно образование

**-Програма –N2 -Средно образование**

Потпрограма - N20- Средно образование

**-Програма - NA - Образование (капитални трошоци)**

-Потпрограма - NA0 - Образование (капитални трошоци)

**- Програма- V1- Детски градинки**

Потпрограма -V10-Детски градинки

**- Програма- V2- Домови за стари лица**

Потпрограма-V20-Домови за стари лица

**- Програма VA- Социјална заштита и заштита на деца ( Капитални расходи)**

Потпрограма VAA- Реконструкција на детска градинка

**- Програма W0-Противпожарна заштита**

Потпрограма W00 -Противпожарна заштита.

**- Програма WA- Противпожарна заштита (Капитални расходи)**

**Член 10**

Буџетот на Општина Прилеп се извршува од 01.01.2013 до 31.12.2013 година.

**Член 11**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп", а ќе се применува од 01 Јануари 2013 година.

Број 07- 3411/ 3
27.12.2012 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Проф. Д-р Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА ЈКП "ПАЗАРИ" - ПРИЛЕП, ЗА 2013 ГОДИНА**

1. Решението за давање согласност на Програмата за работа и развој на ЈКП "Пазари" - Прилеп, за 2013 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 3433/3
28.12.2012 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/2002 и 40/2003) член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 27.12.2012 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Програмата за работа и развој на ЈКП "Пазари" - Прилеп за 2013 година

1. Се дава согласност на Програмата за работа и развој на ЈКП "Пазари" - Прилеп за 2013 година.
2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07- 3411/ 4
27.12.2012 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Проф. Д-р Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН И ПЛАНИРАНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ЈКП "ПАЗАРИ" - ПРИЛЕП, ЗА 2013 ГОДИНА**

1. Решенито за давање согласност на Решенито за давање согласност на Финансискиот план и планираните инвестиции на ЈКП "Пазари" - Прилеп, за 2013 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 3433/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2012 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/2002 и 40/2003) член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 27.12.2012 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Финансискиот План и планирани инвестиции на ЈКП "Пазари" - Прилеп за 2013 година

1. Се дава согласност Финансискиот План и планирани инвестиции на ЈКП "Пазари" - Прилеп за 2013 година
2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07- 3411/ 5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2012 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Проф.Д-р Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП "ПАЗАРИ" - ПРИЛЕП, ЗА 2013 ГОДИНА**

1. Решенито за давање согласност на Програмата за субвенционирање на трошоците од работењето на ЈКП "Пазари" - Прилеп за 2013 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 3433/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2012 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/2002 и 40/2003) член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 27.12.2012 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Програмата за субвенционирање на трошоците од работењето на ЈКП "Пазари" - Прилеп за 2013 година

1. Се дава согласност на Програмата за субвенционирање на трошоците од работењето на ЈКП "Пазари" - Прилеп за 2013 година.
2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07- 3411/ 6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2012 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Проф. Д-р Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА КП БР. 20266/1, КО ПРИЛЕП БРОЈ 02 - 376/1-15 ОД 19.12.2012 ГОДИНА НА ЈКП "ПАЗАРИ" - ПРИЛЕП**

1. Решението за давање согласност на Одлуката за продажба на деловен простор на КП бр. 20266/1, КО Прилеп број 02 - 376/1-15 од 19.12.2012 година на ЈКП "Пазари" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 3433/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2012 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/2002 и 40/2003) член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 27.12.2012 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Одлуката за продажба на деловен простор на КП бр. 20266/1 КО Прилеп, број 02 - 376/1-15 од 19.12.2012 година на ЈКП "Пазари" - Прилеп за 2013 година

1. Се дава согласност на Одлуката за продажба на деловен простор на КП бр. 20266/1 КО Прилеп, број 02 - 376/1-15 од 19.12.2012 година на ЈКП "Пазари" - Прилеп за 2013 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07- 3411/7 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2012 година — на Советот на Општина Прилеп
Прилеп — Проф.Д-р Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ СО ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА НА ЈКП "ВОДОВОД И КАН АЛИЗАЦИЈА" - ПРИЛЕП, ЗА 2013 ГОДИНА**

1. Решението за давање согласност на Програмата за работа и развој со инвестициони вложувања на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп за 2013 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 3433/7 — ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2012 година — на Општина Прилеп
Прилеп — Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/2002 и 40/2003) член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 27.12.2012 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Програмата за работа и развој со инвестициони вложувња на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп за 2013 година

1. Се дава согласност Програмата за работа и развој со инвестициони вложувња на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп за 2013 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07- 3411/8 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2012 година — на Советот на Општина Прилеп
Прилеп — Проф. Д-р Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" - ПРИЛЕП, ЗА 2013 ГОДИНА**

1. Решението за давање согласност на Финансискиот план на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп за 2013 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 3433/8 — ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2012 година — на Општина Прилеп
Прилеп — Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/2002 и 40/2003) член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 27.12.2012 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Финансовиот План на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп за 2013 година

1. Се дава согласност Финансовиот План на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп за 2013 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07- 3411/9 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2012 година — на Советот на Општина Прилеп
Прилеп — Проф.Д-р Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА ЈП ЗА ПУП - ПРИЛЕП, ЗА 2013 ГОДИНА**

1. Решението за давање согласност на Програмата за работа и развој на ЈП за ПУП - Прилеп за 2013 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 3433/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2012 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/2002 и 40/2003) член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 27.12.2012 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Програмата за работа и развој на ЈП за ПУП - Прилеп за 2013 година

1. Се дава согласност на Програмата за работа и развој на ЈП за ПУП - Прилеп за 2013 година.
2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07- 3411/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2012 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Проф. Д-р Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН И ПЛАНИРАНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ЈП ЗА ПУП - ПРИЛЕП, ЗА 2013 ГОДИНА**

1. Решението за давење согласност на Финансискиот план и планираните инвестиции на ЈП за ПУП - Прилеп за 2013 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 3433/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2012 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/2002 и 40/2003) член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 27.12.2012 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Финансискиот План со планирани инвестиции на ЈП за ПУП - Прилеп за 2013 година

1. Се дава согласност на Финансискиот План со планирани инвестиции на ЈП за ПУП - Прилеп за 2013 година.
2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 3411/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2012 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Проф. Д-р. Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП, ЗА 2013 ГОДИНА**

1. Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на Општина Прилеп, за 2013 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 3433/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2012 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 84 од Законот за градежно земјиште(,,Сл. весник на РМ,, бр. 17/2011, и 53/11 и 144/12), чл. 36, с.1, т. 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, 5/02) и чл. 26. т.8 од Статутот на општина Прилеп (,,Сл.гласник на општина Прилеп,,бр.6/03,4/05 и 10/08), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 27.12.2012 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2013 ГОДИНА

Оваа Програма содржи:

1. Простор кој е предмет на уредувањето;
2. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
3. Обемот и степенот на опременост на градежно земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура;
4. Приходи за финансирање на Програмата;
5. Расходен дел на Програмата
6. Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и неговата распределба;
7. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктура;
8. Преодни и завршни одредби.

**1.Простор кој е предмет на уредувањето**

Како простор што се уредува се смета, изграденото и неизграденото земјиште на подрачјето на Општина Прилеп, утврдено со Плановите дефинирани во член 7, 50-а и 78 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 53/2011 и 144/12)

**2.Обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште**

Во ова поглавје се утврдува обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште

Подготвување и расчистување на градежното земјиште опфаќа:

- Изработка и донесување на Урбанистички планови, Локални урбанистички документации, Архитектонско урбанистички проекти, Проекти за комуналната инфраструктура и Општи акти кои ги заменуваат плановите.
- Обезбедување на геодетска подлоги и елаборати
- Изработка на елаборати за експропријација за изградба на објекти од комунална инфраструктура.
- Регулирање на имотно правните односи со сопствениците на имотите
- Програмирање на уредувањето

**3.Обем и степен на опременост на градежно земјиште со објекти од основната и секундарната инфраструктура**

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира обемот на опременоста на земјиштето со објекти од комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуална комуналната потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Приклучоците на објектот до приклучните места на примарната и секундарната мрежа: (водовод, канализација и други), паѓаат на терет на инвеститорот, затоа што истите се составен дел на инсталациите на објектот и остануваат негова сопственост.

Доколку постојат претходно изградени комунални инсталации во склоп на градежната парцела, и е потребно нивно дислоцирање или нивна заштита, трошоците што ќе се направат паѓаат на товар на инвеститорот, односно на корисникот на локацијата.

Согласно степенот на уреденост на градежното земјиште се определуваат следните степени (зони):

**Повисок степен (прва зона), Основен степен ( втора зона ) и Понизок степен (трета зона )**

**Повисок степен ( прва зона)**

Започнува од раскрснцата меѓу ул.,,Александар Македонски“ и ул.,,Цане Илиески“, оди на северозапад по ул.,,Цане Илиески“ до пресекот со ул.,,Јоска Јорданоски“, завртува на североисток по ул.”Јоска Јорданоски,, и доаѓа до ул.”Победа“ кај типските куќи , оди по ул.,,Победа“ на северозапад но зад објектите на типските куќи, се движи по оградата на оранжериите во должина од околу 330 метри, каде свртува на североисток покрај оранжериите и доаѓа до асвалтното патче кое е влез за во оранжериите од ул.,,Васко Карангелески “, завртува на североисток и оди по патот за вештачкото езеро до патчето кое завртува во касарната, завртува на северозапад и оди по оградата на касарната се до ул.,,Васко Карангелески,, до мовчето , од каде границата завртува на југозапад се и се движи до пресекот со ул.,,Мице Козар“ (кај Педано). Границата се завртува по ул.,,Мице Козар “ према југозапад до ул.,,11ти Октомври“, завртува по неа према северозапад и доаѓа до детската градинка “Тризла” каде свртува на запад по ул.,,Пиринска,, продолжува по ул. ,,Пецо Крстески,, ја сече ул. ,,Круме Волнароски,, по истиот правец и влегува низ куќите до гимназијата ,,Мирче Ацев”, продолжува по оградата на гимназијата и излегува на ул.,,Прилепски Бранители”. Од каде зоната продолжува на запад по ул. ,,Егејска,, доаѓа до бензинската пумпа на улица ,,Архиепископ Доситеј,, и булевар,,Гоце Делчев,, ја опфаќа бензиската го сечи булевар ,,Гоце Делчев,, и оди по границата на ПП дом (кој влегува во опфатот). Границата завртува на југ до рампата на железничката пруга, продолжува на југо-исток движејќи се по пругата и оди до Градска Река, завртува на исток по реката и доаѓа до првата уличка од зградите на населбата ,,Димо Наредникот,, каде завртува по ул.,, Александар Македински” и излегува на главната ул.,,Александар Македонски”; продолжува на југо-исток по ул.,,Александар Македонски,, и доаѓа до раскрсницата на ул.,, Александар Макаедонски,, и ул. ,,Цане Илиески ,, каде што и започна описот на оваа граница.

Напомена: Сите објекти, катастарски парцели и градежни парцели кои се наоѓаат од левата и од десната страна на границата на овој опис

ВЛЕГУВААТ во опфатот на повисок степен ( прва зона).

**Основен степен ( втора зона)**

Започнува од пресекот на ул.,,Васко Карангелески" со Дабнички Канал и продолжува на северо запад по Дабнички Канал до ул.,,Кораб,, каде завртува на запад по ул.,,Кораб,, доаѓа до ул.,,Дојранска,, оди по ул.,,Дојранска,, на север до ул.,,Тризла,,.Зоната продолжува по ул. ,,Тризла,, на југо-запад со тоа што ги опфаќа и сите објекти со непарни броеви кои се најдуваат покрај ул. ,,Тризла,, почнувајќи од Трафо- станицата ( над Пемба) и оди се до ул.,,Петар Ацев,, одтука границата завртува на северо-запад по ул.,,Петар Ацев,, каде ги опфаќа и сите парни броеви кои се наоѓаат на ул.,,Петар Ацев,, односно како што е прикажано во графичкиот прилог; границата доаѓа до ободниот канал каде завртува на запад движејќи се по ободниот канал и доаѓа до резервоарот за вода, истиот го заобиколува и оди по границата на градежниот реон. Го опфаќа манастирот Свети Аранхангел Михаил, оди до ул.,,Ило Попадинец,, каде завртува на југ по истата улица ги опфаќа сите парни и непарни броеви и доаѓа до ул.,,Гога Димитриоски,, и ги опфаќа парните броеви од 64 до 68 и непарните од 39 до 59, продолжува до ул. ,,Орде Чопела,, и одтука оди на исток по улицата ги опфаќа сите парцели од левата и десната страна, врти на југ по ул. ,,Мире Цилкоски,, до патчето каде е оградата и магацините на ТУТ-КОМ, врти на исток по патчето оди по истото и доаѓа до ЕМУЦ ,,Р.Р.Ричко,, кое го опфаќа и влегува во оваа зона. Продолжува по ул.,,Струшка,, кон југ и доаѓа до ул. ,,Браќа Миладиновци,, каде ги опфаќа зградите од населба Точила; продолжува по ул.,,Браќа Миладиновци,, оди на југ и доаѓа до булевар,,Гоце Делчев,, при тоа завртува на северо-запад по булевар ,,Гоце Делчев,, до објектот на Сладарата и Млекарата, кои ги опфаќа оваа зона и доаѓа до железничката пруга. Зоната продолжува по железничката пруга према југо-исток до уличето кај објектот на Стара тракторска; ја опфаќа неа и излегува на ул.,,Леце Котески,, (Крушевско Џаде); продолжува по неа спрема запад, каде ги опфаќа поранешна ф-ка ,,Билјана,, и "Мермерен Комбинат"; одтука границата продолжува покрај ул.,,Леце Котески,, спрема Прилеп кон исток, и ги опфаќа сите куќи и индустриски објекти кои имаат влез и излез од ул.,,Леце Котески,, како: Електро-дистрибуција, Мак-Петрол, новите стопански комплекси и празната површина зад нив, Старото Индустриско училиште, Пролетер, Микрон и Витаминка, каде границата на зоната завртува по ул. ,,Трајко Николоски,"; се движи на југ по ул.,,Трајко Николоски,, го опфаќа поранешниот магацин на Центропромет ја преминува Градска Река и железничката пруга и доаѓа на ул.,,Александар Македонски,, каде границата завртува на југо-запад по ул. ,,Александар Македонски,, ги опфаќа куќите кои имаат влез и излез од ул.,,Александар Македонски,, го опфаќа паркиралиштето од ,,Пелагонија Турист,, Станицата за технички преглед, поранешните фабрики Партизан и ДИК Црн Бор,од каде границата ја преминува ул.,, Александар Македонски,, ги опфаќа деловните објекти на Пиланата, Марфил трафостаницата од ЕВН, ја опфаќа бензинската пумпа Мак-Петрол, ф-ката Металотехника (,,Металец,,), магацини од ТУТ-КОМ, објектот на Пелагонија Турист, Бетон и поранешна ,,Младост,, ф-ка 11-ти Октомври и оди по ул.,,Цане Кузманоски,, и го опфаќа објектот на Пиварата, оди зад оградата на Пиварата го опфаќа Градскиот Парк со фудбалското игралиште, продолжува на југ по патчето зад Салида петрол и новиот објект на ЕНГРО ТУШ оди по патчето кое излегува на обиколниот пат Битола-Скопје, потоа завртува границата на исток покрај обиколниот пат до ул,,Радовишка" односно по каналот меѓу ул.,, Радовишка,, ,,Маргара,, каде оди се до ул.,,Пчиња,, ги опфаќа сите парцели од левата и десната страна на истата, врти на северозапад, па продолжува на северо-исток и ги опфаќа сите куќи кои се на ул.,,Пенко Здравкоски,, ,,Ѓорче Петров,,,,Боца Иваноска,, и ,,Октомвриска,,(кај трфостаницата на ЕВН) каде границата, доаѓа до ул.,,Славеј Планина,, продолжува по истата на северозапад до ул. ,, Александар Македонски,, и ги опфаќа објектот на АМС ,,Прилепец,, и бензинската пумпа на ,,Мак-Петрол"; ја преминува ул.,, Александар Македонски,, кај к.п. 8645 оди по уличето до к.п. 8662 до Градска Река оди на север до железното мовче, завртува на запад по ул.,,Јоска Јорданоски,, ги опфаќа сите парцели од левата и десната страна до типските куќи. Ги опфаќа и сите куќи и парцели што излегуваат на асвалтната улица ,,Јоска Јорданоски,, покрај оранжериите на североисток до к.п.8431. каде и завршува описот на оваа зона.

Напомена: Сите објекти, катастарски парцели и градежни парцели кои се наоѓаат од левата и од десната страна на границата на овој опис ВЛЕГУВААТ во опфатот на повисок степен ( прва зона).

**Понизок степен (трета зона)**

Зоната на понизок степен (трета зона) се наоѓа надвор од границите на претходно опишаните зони, до границата на градежниот реон на град Прилеп.

**4. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА - ПРИХОДИ**

Средствата во Програмата за уредувањето на градежното земјиште за 2013 година се во согласност на Буџетот на општина Прилеп,

дефинирани во следните соодветните програми:

F1 Урбанистичко планирање. 4.000.000,оо д.
J3 Јавно осветлување.... 22.000.000,оо ден.
J4 Јавна чистота ............... 11.717.000,оо ден.
J6 Одржување и заштита на локални патишта и регулирање на режимот за сообраќај.............................20.000.000,оо ден.
J8 Други комунални услуги 3.500.000,оо ден.
JA Изградба на јавно осветлување............ ..............................................11.000.000,оо ден.
JD Изградба и реконструкција на локални патишта и ул. 150.300.000,оо ден.
JG Изградба на системи за водоснабдување ....... ..................................... 20.000.000,оо ден.
JI Изградба на системи за одводнување и прочистување ... 49.500.000,оо ден.
JL Други комунални услуги (Капитални расходи) ................................32.200.000,оо ден.
JN Одржување на урбана опрема ..................................................5.500.000,оо ден
J-90 Одржување на простор за паркирање ..................................................1.200.000,оо ден
KA Културни манифестации и творештво ................................................ 15.100.000,оо ден
LA Спорт и рекреација........ 5.100.000.оо ден
WA Противпожарна заштита (капитални трошоци) .................. 11.000.000.оо ден.

**Вкупно 362.117.000,оо ден.**

## 5. РАСХОДЕН ДЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Во Програмата во 2013 г. ќе бидат опфатени:

- Локалитети на кои ќе продолжата реализацијата на обврските од претходните години
- Локалитети на кои ќе се отпочни со градба во 2013 год.
- Локалитети на кои ќе се вршат припремни работи за објекти кои ќе се градат во следните години.
- Уредувањето на градежното земјиште ќе се врши во зависност од динамиката на приливот на средствата, во обем и степен предвиден со оваа Програма преку следните потпрограми:

### F1 УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

1. Изработка на урбанистички планови и проекти за инфраструктура ,
елаборат и студии за оценка за влијание на животната средина 2.000.000,оо ден.
2. Изработка на ажурирани геодетски подлоги и геодетски елаборати за посебна намена 1.000.000,оо ден.
3.Изработка на стручни ревизии на урбанистички планови 1.000.000,оо ден

**Вкупно F1 4.000.000,оо ден.**

### J6 ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈ

1. Зимско одржување 14.000.000,оо ден.
2. Вертикална сигнализација 3.000.000,оо ден.
3. Хоризонтална сигнализација 3.000.000,оо ден

**J6 Вкупно 20.000.000.,оо ден.**

### J8 ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

1. Чистење на речни корита и канали 2.500.000,оо ден.
2. Рушење на објекти 1.000.000,оо ден.

**J8 Вкупно 3.500.000,оо ден**

### J3 ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

1. Потрошена електрична енергија 15.000.000,оо ден
2. Ситен инвентар,алат и други материјали за поправка 4.000.000,оо ден
3. Поправки и одржување на опремата 3.000.000,оо ден

**Вкупно J3 22.000.000,оо ден**

### JA ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

1. Подготвување на проекти :
- Доработка и усогласување на изработени технички проекти за изградба на јавно осветлување согласно измените во законската регулатива : ул.,, Александар Македонски ,, -л=800м, ул.,,Гоце Делчев ,,л=500м .
- Изработка на проекти за линиска инфраструктура од областа на јавното осветлување: ул.,, Преспанска ,, -дел 200м, ул.,, Архимедова ,, дел-150м , ул.,,Петар Ацев ,, дел-150м ,ул.,, Александар Македонски ,, крак- 200м, ул.,, Димче Антулески ,, дел-250м , ул.,,Браќа Миладиновци ,,-крак 200м ,ул.,, Ладо Лапецот ,, -крак -150м , ул.,, Тетовска ,, -150 м , нова населба Градина, нова индустриска зона према Варош, Индустриска зона Прилеп 1 (Металец), колективни згради на улица.,,Козара,,-300метри, ,парк во населено место с.,, Канатларци ,,-250метри, ул.,, Цане Кузманоски ,, -крак л=150м.
- Ревизија на проекти за линиска инфраструктура од областа на јавното осветлување,
- Изработка на геодетски елаборати за потребите за изработка на проекти за линиска инфраструктура од областа на јавното осветлување.

Вкупно 1.000.000,оо ден

2. Изградба на објекти во енергетиката - јавно осветлување

Пешачка патека околу згради во населба ,,Вишне ,, - л=200м, парк на улица ,, Александар Македонски ,, -,, Врбеско маало,, -л=200м , ул.,, Александар Македонски ,, -л=800м, ул.,, Самоилова ,, л=220м, ул.,,11ти Октомври ,, -пешачки патеки во градинка ,,

Тризла ,, л=220м, ул.,, Дабнички завој ,, л=550м,ул.,,Велко Јанкулоски Стариот,,л=350м, ул.,,Гоце Делчев ,,л=500м, пешачки патеки околу згради на ул.,,Дабнички Завој ,, л=400м, ул.,, Трајко Николоски ,, л=500м , Парк на ул,, Александар Македонски,, пред театарот л=200м, ул.,, Кеј 4ти јули ,, и ,, Кеј 19ти септември ,, л=700м, осветлување на мостови л=100м.

Вкупно 8.000.000,оо ден

3. Реконструкција на објекти во енергетиката

- реконструкција на јавно осветлување– дислокација на контролни уреди за стартување на јавното осветлување надвор од ТС на ЕВН и вградување на систем за интелигентно управување и контрола.
- реконструкција на јавно осветлување - нисконапоска мрежа за јавно осветлување и канделабри.

Вкупно 2.000.000,оо ден

**Вкупно JA 11.000.000,оо ден**

**J4 ЈАВНА ЧИСТОТА**

Одржување на јавни прометни површини

11.717.000,ден.

**Вкупно J4 11.717.000,оо ден**

**JD ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА УЛИЦИ И ОПШТИНСКИ ПАТИШТА**

**JDO**

**1.*Техничка документација (подготвување проекти, ревизија и елаборати)**

Улици во УАЕ 11 - 1000м; Улица ,,Велко Јанкулоски,, - 400м; Улица ,,Димо Наредникот,, - 300м; Крстосница со кружен тек на улиците ,,Александар Македонски, Октомвриска,, и ,,11-ти Октомври,,; Улица ,,Тризла,, - 800м; Улица ,,Иво Лола,, - 900м; Општински пат до манастир Прилепец - 4000м; Општински пат од н.м. Ореовец до н.м. Крстец - 4500м; Општински пат од н.м. Подмол до н.м. Бонче - 4000м; Општински пат до манастир Св. Петка - Лениште - 1200м; Општински пат до н.м. Полчиште - 3500м; Општински пат до н.м. Марул - 2500м;

Вкупно 3.000.000,оо ден

1.1 Изградба и реконструкција улица ,, Александар Македонски,, 700 м

Вкупно 27.300.000,оо ден.

1.2.* Одржување и санирање на улици и патишта

Вкупно : 10.000.000 .ооден

1.3.* Надомест за одземен имот

Улица ,,Кеј 1-ви Мај,,(од ул.,,С.Георѓиески,, до ул.,,Димо Наредникот,,) ; Ул. ,,Победа,,; Улица ,,Стеван Забрчанец,,; Ул.,,Крсте Мисирков,,; Ул.,,Димо Наредникот,,; Ул.,,Браќа Миладиновци,,; Ул.,,Кузман Јосифоски,, (Центар); Ул.,,Архимедова,,(гр. парцели), ул.,,Кеј 1-ви Мај,, (Горен тек на Градска Река).

Вкупно : 10.000.000,оо де

Вкупно ЈДО : 50.300.000,оо ден

**JDA 1.* Изведба, реконструкција и рехабилитација на улици и патишта**

Ул.,,Александар Македонски,,-1400м; Ул.,,Архимедова,,-200м; Ул.,,Горан Миноски,,-200м; Ул.,,Беровска,,-100м; Ул.,,Блаже Темелкоски,,-200м; Ул.,,Бистра планина,,-200м; Ул.,,Борка Лопач,,-150м; Ул.,,Борка Талески,,-50м; Ул.,,Братство и единство,,-250м; Ул.,,Браќа Ламески,,-100м.; Ул.,,Велко Јанкулоски,,300м; Ул.,,Вера Циривири,,-700м; Ул.,,Браќа Миладиновци,,-400м; Ул.,,Гога Димитриоски,,-150м; Улици во Големо Коњари-600м; Ул.,,Втори Август,,-200м; Ул.,,Дабничка,,-200м; Ул.,,Дебарца,,-150м; Ул.,,Димо Наредникот,,-350м; Ул. ,,Јордан Грабулоски,,-300м; Ул.,,Богомилска,,-200м; Ул. ,,Илија Компаниоски,,-150м; Ул.,,Ило Полутешка,,-200м; Ул.,,Ило Попадинец,,-200м; Ул. ,,Јоска Јорданоски,,-150м; Улици во Канатларци-400м; Ул.,,Кеј 1-ви Мај,,-250м; Ул.,,Киро Пајмакоски,,-150м; Ул.,,Кузман Шапкарев,,-100; Ул.,,Кораб,,-250м; Ул.,,Карпошово Востание,,-150м; Ул.,,Крсте Мисирков,,-50м; Крстосница со кружен тек на улиците ,,Прилепски Бранители,, и ,,Мице Козар,,; Ул.,,Круме Волнароски,,-250м; Ул.,,Ладо Лапец,,-150м; Ул.,,Леце Котески,,-200м; Улици во Мажучиште-300м; Улици во Мало Коњари-400м; Ул.,,Маргара,,-350м; Ул.,,Маркови кули,,-200м; ул.,,Мице Козар,,-100м; Ул.,Александар Македонски,,-250м; Улици во Ново Лагово-300м; Ул. ,,Октомвриска,,-350м; Ул.,,Орде Чопела,,-200м; Ул.,,Осоговска,,-150м; Ул.,,Раде Иваноски,,-100м; Ул. ,,Радовишка,,-200м; Ул.,,Никола Петров Русински,,-300м; Ул.,,Љубе Грујоски,,-250м; Улица во Селце-200; Ул.,,Славеј Планина,,-300м; Ул.,,Струшка,,-250м; Ул.,,Тоде Дупјачанец,,-150м; Ул.,,Трајко Николоски,,-250м; Ул.,,Тризла,,-600м; Улици во УАЕ 11-500м; Улици во УАЕ19-УБ19/3-500м; Ул. ,,Ножот,,-200м; Ул.,,Цане Кузманоски,,-300м;

**Рехабилитација на улици**

Улица,,Браќа Нунески,,-250м; Ул.,,Киро Нацески,,-100м; Ул.,,Андон Слабејко,,-100м; Ул.,,Бранко Секулоски Белата ,,-300м; Ул.,,Цане Илиески,,-200м; Ул.,,Крушевска,,-100м; Ул.,,Февруарски поход,,-300м; Ул.,,Кеј 19-ти Септември,,-200м; Ул.,,,,Битолска,,-100м, Ул.,,Менде Црвенкоски,,-100м; Ул.,,Свети Наум Охридски,,-200м; Ул.,,Питу Гули,,-150м;

Вкупно : 100.000.000,оо ден

**JD Вкупно: 150.300.000,оо ден**

**JG ИГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ**

**JGO Подготовка на проекти за линиски и инфраструктурни градби и хидро-технички објекти**

1.Град Прилеп

Новопредвидена индустриска и станбена зона Варош

1.1.Населени места - проект за водоснабдување

Дуње, Лопатица, Бонче,

2. Елаборати за хидролошко испитувања и изнаоѓање на новио извори на вода или изведување на каптажи

Дуње, Лопатица, Тројаци, Бонче, Чаниште, Лопатица, Селце, Лениште

3. Елаборат за одредување на заштитните зони околу извориштата

3. Ревизии

Вкупно JGO 2.000.000.00 ден.

**JGA Изведба на водоводни линии**

Новопроектирани канализации во населба Градина

Новопредвидена индустриска зона Прилеп 1 (Металец)

Новопредвидена индустриска зона Варош, улица,,Архимедова,,

1.Изведба на водоводи во населени места Клепач, Манастир, Дуње, Бонче

Вкупно JGA 13.000.000.00 ден.

**JGB - Дополнување на системот Струденчица**

Студија и проекти за изнаоѓање нови извори за питка вода

Вкупно JGB 5.000.000,00 ден.

**Вкупно JG 20.000.000.00 ден.**

**JI –ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ**

**JIO Подготовка на проекти за линиски и инфраструктурни градби и хидро-технички објекти**

1.Атмосферска канализација

Ободен канал под Маркови Кули проектирање со реконструкција на постоен1500м

Булевар Гоце Делчев (од Браќа Миладинови до Струшка) 450м. Улици третирани во Прва фаза

Од проектот Пречистителна Станица со канализациона мрежа

Канализување на површински води од поток Сарика ( Л=1500м) и таложница

2.Фекална канализација

Проект Пречистителна станица - канализациона мрежа 2-ра фаза 40.000 м

3. Фекална канализација со пречистителни станици во населени места

Беровци , Тополчани

4. Пречистителни станици во населени места Канатларци, М.Коњари, Г.Коњари, Мажучиште и Селце

5. Ревизии на проектни документации

Вкупно JIO 3.500.000.00 ден.

**JIA Регулација на речно корито на Градска Река**

1.Изведба на регулација и кејски ѕидови на Градска Река

Вкупно JIA 21.000.000,00 ден.

**JIB - Изведба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**

1.Изведба на атмосферска канализација

Новопредвидена индустриска зона Прилеп 1 (Металец), Новопредвидена Населба Градина Новопредвидена индустриска зона Варош, Улица ,,Цане Кузманоски,, 500м,

улица ,,Победа,, (покрај оранжерии) 200м, Улица ,,Велко Јанкулоски Стариот,,

Улици третирани во Прва фаза од проектот Пречистителна Станица со канализациона мрежа

Ободен канал под Маркови Кули 1500м Улица Мечкин Камен (Голем дол)-380м,

Ободен канал Сарика Селечка река (Л=1500м) и таложница

2.Изведба на фекална канализација

Новопредвидена индустриска зона Прилеп 1 (Металец), Новопредвидена Населба Градина Новопредвидена индустриска зона Варош, Улица ,,Велко Јанкулоски Стариот,,350м.

Вкупно JIB 25.000.000,00ден.

**Вкупно JI 49.000.000.00ден.**

**JL ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

**JLO Проекти**

Плоштад - Градски Саат, Реконструкција на плоштад Методија Андонов Ченто,

проекти за пешачки мостови

Вкупно JLO 22.200.000.00 ден

**JLA – Изградба на потпорни ѕидови**

Изградба на потпорни ѕидови по ул.,,Благоја Крстеки,, ,, Пере Тошев,, ,,Слобода,,

,, Свети Јован Бигорски,, ,,Прохор Пчински,, ,,Преспанска,,

Вкупно JLA 10.000.000,оо ден

**Вкупно JL 32.200.000,00 ден.**

**JN УРБАНА ОПРЕМА**

Клупи за седење, тезги, уредување на паркови

**Вкупно JN 5.500.000,оо ден**

**J-90** Одржување на простор за паркирање

**Вкупно J-90 1.200.000,оо ден**

**КА – КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ**

Реконструкција на кино сала и читална,изградба на Пирамида, споменик Прилепски Бранители,

споменици на Блаже Конески, Круме Кепески, Методија Шаторов Шарло

**Вкупно КА 15.100.000,оо ден**

**LA СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА**

повеќе наменски игралишта во Големо Коњари и Канатларци

**Вкупно LA 5.100.000,оо ден**

**РЕКАПИТУЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАСХОДИТЕ ПО ПРОГРАМИ**

F1 Урбанистичко планирање4.000.000,оо ден.

J3 Јавно осветлување...... 22.000.000,оо ден.
J4 Јавна чистота ................11.717.000,оо ден.
J6 Одржување и заштита на регулирање на режимот за сообраќај.......... 20.000.000,оо ден.
J8 Други комунални услуги 3.500.000,оо ден.
JA Изградба на јавно осветлување...................... 11.000.000,оо ден.
JD Изградба и реконструкција на локални патишта и ул........................150.300.000,оо ден.
JG Изградба на системи за водоснабдување ....... ......................................20.000.000,оо ден.
JI Изградба на системи за одводнување и прочистување .......................49.500.000,оо ден.
JL Други комунални услуги (Капитални расходи) ................................32.200.000,оо ден.
JN Одржување на урбана опрема .................................................5.500.000,оо ден
J-90 Одржување на простор за паркирање .................................................1.200.000,оо ден
KA Културни манифестации и творештво ...............................................15.100.000,оо ден
LA Спорт и рекреација.... 5.100.000.оо ден
WA Противпожарна заштита (капитални трошоци)................................11.000.000.оо ден.
**Вкупно 362.117.000,оо ден.**

## 6. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВА РАСПРЕДЕЛБА

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдува согласно оваа Програмата.

Пресметувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се врши по 1м2 нето корисна површина според важечките технички нормативи согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (Сл.весник 93/2011, 65/12 и 98/12).

Не се плаќа надомест за уредување на градежно земјиште за објекти што ќе ги гради Општина Прилеп - Локална самоуправа и објекти ослободени со Одлука на Советот на Општина Прилеп.

Јавните претпријатија кои вршат комунални дејности на подрачјето на Општина Прилеп, плаќаат за уредувањето на градежното земјиште во висина од 30% од вредноста на објектите од комуналната инфраструктура што се градат, а се од нивна надлежност.

По иницијатива на жителите на градот и населените места, а во услови кога истите се заинтересирани со месен самопридонес да учествуваат во уредувањето на градежното земјиште, населението ќе учествува со 50% од вредноста на комуналните објекти и инсталации.

Меѓусебните права и обврски за уредувањето на градежното земјиште врз основа на документ за сопственост, решение за локациски услови и основен проект заверен од Општина Прилеп, се уредуваат со Договор склучен помеѓу инвеститорот и Градоначалникот на Општината.

До колку вкупниот пресметан просечен надоместок за конкретната локација не ги покрива трошоците за уредување на истата, надоместокот ќе се плаќа по стварно направените трошоци, по посебен трошковник, за уредувањето на локацијата и на соодветниот дел од пошироката локација што ќе се регулира со Анекс кон договорот за уредување на градежното земјиште.

Без добиена потврда од надлежниот субјект дека се целосно измирени обврските за надоместок за уредување на градежното земјиште, инвеститорот не може да добие дозвола за употреба на објектот и приклучоци на комуналната инфраструктура.

### 6.1. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, согласно оваaа Програма, се пресметуваат врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, а претставува збир на нето површините по М2 на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножен со коефициентите (евра/м2), дадени во Правилникот за степенот на уредувањето на градежно земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденост. (Сл.весник на РМ бр.93/2011, 65/12 и 98/12).

Степенот на уреденост на градежно земјиште и висинта на трошоците даден е во следната табела:

**Станбен простор**
- Повисок степен 30 евра/м2
- основен степен 26 евра/м2
- понизок од основниот 15 евра/м2

**Деловни , јавни и други објекти:**
- Повисок степен 45 евра/м2
- основен степен 40 евра/м2
- понизок од основниот 30 евра/м2

**Производство, дистрибуција и сервиси (класа на намена Г)** угостителски, туристички, хотелски комплекси и одморалишта **(класа на намена А4)**
- Повисок степен 100 евра/м2
- основен степен 100 евра/м2
- понизок од основниот 100 евра/м2.

Реконструкција на сите видови на објекти се пресметува во висина од 30% од цената на соодветната зона.

**Стимулативна регулатива за плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште**

-Инвеститорот има право да поднесе барање за плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати со утврдена динамика на плаќање на следниот начин:

-инвеститорот е должен да уплати 50%(педесет проценти) од утврдениот паричен износ во договорот, за надомест за уредување на градежно земјиште на денот на потпишување на договорот.Останатите 50%(педесет проценти) инвеститорот може да ги исплати најмногу на 12 еднакви месечни рати.

**6.2. Распоред на надоместокот за уредување на градежно земјиште**

Во зависност од опременоста и опремувањето на градежното земјиште процентуалното учество на инфрастуктурните објекти и инсталации во уредувањето на градежното земјиште изнесува:

- Објекти и инсталации од заедничко инвестирање 30 %
- Објекти и инсталации од индивидуално инвестиеање 70 %, од кои за:

фекална канализација 15 %, атмосферска канализација 20 %, водовод 7 %,
улично осветлување 10 %, коловоз асфалт 37 %, тротоари 11 %.

Овој распоред на надоместокот за уредување на градежното земјиште се однесува и за надоместокот што е платен од претходни години.

